**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5521/**

# З А П И С Н И К

**Од 126-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 09.12.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Марјан Цветковски-Директор на МРТ и Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,126-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Претседателката на советот Смилка Ј Саркањац предложи записникот од 124-та и 125-та седница на Програмскиот совет да се разгледува на првата наредна седница на советот.
Предлогот беше едногласно усвоен од Програмскиот совет на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.

2. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.**

Пред присутните членови беше претставена петгодишната стратегија за развој на ЈРП МРТ и воведен збор му беше даден на Директорот на МРТ.

Марјан Цветковски Директор на МРТ објасни дека во оваа фаза не би зборувал конкретно за стратегијата,вие ја добивте и ја имавте на разгледување доволно време и би било убаво да ги слушнеме сите забелешки,идеи и размислувања,за да ги инкорпорираме во овој текст,па после сето тоа да одиме со еден финален документ на усвојување.Исто така продолжи директорот дека документот беше објавен на Веб страната на МРТ околу 40 дена,добивме неколку предлози и забелешки кој што делумно се прифатливи, а делумно не, и очекуваме да вие како членови на советот дадете поконкретни размислувања за да одиме во наредна фаза.

Потоа за збор се јави претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац која истакна дека лично учествувала како претседател на советот во изработка на документот, заедно со колсунтантите преку проектот на ЕУ,и додаде дека според неа во голем дел ги задоволува тие стандарди што ги поставија самите консултанти..Претседателката со неколку забелешки околу стратегијата:прво 4-та,5-та и 8-ма глава од документот добро е да се спојат во една глава бидејќи обработуваат една иста тема,второ околу визијата на јавниот сервис мислам дека нашата цел да е да добиеме најрелевантен медиум а не најгледан медиум,трета заеблешка околу музичката продукција и оркестрите на МРТ кој не се обработени во документот, и четврта дека недостига буџет за поединечните активности од стратегијата,и на тој начин ќе се дименизионира потребниот годишенб буџет на МРТ со кој би се оствариле сите цели наведени во Стратегијата.

Снежана Клинчарова истакна дека се сложува околу тоа дека станува збор за добар документ и појасни дека би пофалила конкретни работи, и би дала неколку предлози и неколку забелешки од различни аспекти, како на пример тоа што овој текст прво мора лекторски да помине и да се лекторира убаво,исто така мора да се корегира првата реченица во воведот каде што е наведено дека 84 години постои ЈРП МРТ,како забелешка дека не може вакви материјални грешки да се јавуваат во еден ваков стратешки документ.

Снежана пред присутните ги пофали поголем дел од идеите кои се содржани во текстот на стратегијата, и посочи дека во однос на дополнување на текстот на документот, ќе достави по електронска пошта до службите на МРТ свои предлози и забелешки за подобрување на петгодишната стратегија за развој на ЈРП МРТ.

Потоа за збор се јави Гајур Рамдани кој истакна дека документот претставува добра стратегија за подобрувањена состојбите во МРТ и формално предвидените обврски што произлегуваат во наредните 5 години.

Гајур Рамадани предложи свои забелешки и тоа: со оглед на просечната старосната граница на вработените во МРТВ, потребно е предвидување на подинамичен акциски план за замена на старите кадри со квалитетни нови/млади кадри, кои ќе се сносат со предизвиците и ќе донесат квалитетна сила во куќата.

Исто така, предлагам, во Стратегијата да се предвидат и механизми за следење на гледаноста кои би дале валидни податоци за квалитетот на емисиите а истовремено и приказ на успешните емисии за кои постои интерес кај пошироката публика и индикатор за продолжување соработка со успешните продуценти и надворешни соработници.

Предлагам да се иземе од петгодишната стратегија  Канал 103, кој ниту е регистриран, ниту има лиценца. Би било добро да се размисли за решавање на статусут на луѓето кои биле поранешни новинари и други во програмата 103, и тоа од хумана гледна точка и како луѓе кои давале придонес во програмата а не биле дел од МРТВ.

Предлагам да се предвиди проширување на мрежата на дописните центри во урбаните средини во земјата, со единствена цел - секој има право да се информира поблиску за настаните во својот град и својата средина, а тоа го овозможуваат дописниците од градовите, патем досегашните се покажаа како успешни.

Кај стратешките цели, страна 16, ред 2, зборовите ,, од 7 до 70 г.,, да се заменат со зборовите ,, од најмладата популација па до највозрасната,, .
Претседателката на Програмскиот совет предложи овие конментари и забелешки по оснос на петгодишната стратегија за развој на ЈРП МРТ што ги имаат членовите на советот да ги достават до службите по електорнска форма да ги разгледа менаџментот што од нив може да се инплментира во текстот,и да се направи листа на релевантни новинарските здруженија кои би биле поканети ако сакаат да учествуваат на јавна дебата по стратегијата.

**ТОЧКА2:Разно.**
Членот Илир Рамадани запраша до каде е процесот со доставување на нотарски заверени Изјави од челновите на Надзорниот одбор за неспоивост на функции што беше побарано со заклучок од Програмскиот совет на МРТ.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ одговори дека е пренесено до членовите на Надозниот одбор на МРТ и добиено е ветување дека во текот на наредната недела секој од нив ќе донесе таква изјава.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател